# е-БИЛТЕН 2 2026



## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

АПРИЛ-ЈУНИ 2026 ГОДИНА

# АПРИЛ - ЈУНИ

## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ВЕЖБИ ЗА РЕЛАКСИРАЊЕ НА ГОРНИ И ДОЛНИ ЕКСТРЕМИТЕТИ"



На 15.04.2026 година, ОЖОСВН реализираше работилница на тема „Вежби за релаксирање на горни и долни екстремитети" со групата за самопомош. Работилницата ја водеше физиотерапевтката Марија Таушанова Стеванова, која преку практични вежби ги запозна учесничките со значењето на редовната физичка активност, правилното држење на телото и превенцијата од лимфедем.





## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ОСТЕОАРТРИТИС" ВО С. МУСТАФИНО

На 20.04.2026 година, ОЖОСВН реализираше едукативна работилница на тема „Остеоартритис" во село Мустафино. Предавањето го одржа д-р Гордана Митева, која ги информираше присутните за симптомите, превенцијата, раната дијагноза и можностите за третман на ова најчесто заболување на зглобовите.





## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „АЛЕРГИИ"



На 04.05.2026 се одржа едукативна работилница на тема „Алергии" за групата за самопомош, предводена од д-р Гордана Митева. Учесниците се информираа за најчестите алергени, симптомите, дијагнозата, третманот и начините на заштита, а преку дискусија разменија искуства и поставија прашања.

Активности во рамки на проектот „Заедно да превенираме и да се бориме против ракот на дојка – 2026"
поддржан и финансиран од Општина Свети Николе.

## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ОСТЕОАРТРИТИС"

На 18.05.2026 во с. Црнилиште и на 19.05.2026 во с. Амзабегово се одржаа едукативни работилници на тема „Остеоартритис", предводени од д-р Гордана Митева. Учесничките се информираа за симптомите, превенцијата и третманот на остеоартритисот, а преку дискусија разменија искуства и добија корисни совети.





## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ПСИХОЛОГИЈА НА НАСИЛСТВО""



На 27 мај 2026 година, ОЖОСВН реализираше работилница на тема „Психологија на насилството". Работилницата беше наменета за членките на групата за самопомош составена од жени заболени и лекувани од карцином на дојка и матка, а ја водеше психологот Емина Петкова.

Учесничките беа запознаени со формите и причините за насилство, како и со улогата на семејството, заедницата и институциите во обезбедување поддршка. Преку дискусија и размена на искуства, беа зајакнати нивните знаења за препознавање и справување со насилството.

## ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ВЕЖБИ ЗА РЕЛАКСИРАЊЕ НА ЦЕЛОТО ТЕЛО"



На 16.07, ОЖОСВН реализира уште една практична работилница „Вежби за релаксирање на целото тело" за членките на групата за самопомош на жени заболени и лекувани од карцином на дојка и матка.
Под водство на физиотерапевтката Марија Таушанова Стеванова, учесничките се запознаа и практично применија вежби за релаксација, правилно држење, подобрување на дишењето и одржување на физичка подвижност.

Активности во рамки на проектот „Заедно да превенираме и да се бориме против ракот на дојка – 2026" поддржан и финансиран од Општина Свети Николе.

## УСПЕШЕН ПОЧЕТОК НА МЕНТОРСКАТА ПРОГРАМА „РАСТЕМЕ ЗАЕДНО ВО ЛИДЕРКИ НА ЗАЕДНИЦАТА“

Во периодот од 29 април до 17 мај 2026 година успешно беа реализирани првите активности од менторската програма „Растеме заедно во лидерки на заедницата“. Програмата започна со првичен координативен состанок со менторките, на кој тие беа запознаени со целите, активностите и нивната улога во процесот на менторство.
На 7 мај се одржа првата заедничка средба помеѓу менторките и менторираните девојчиња, при што беа формирани 16 менторски парови. Преку интерактивни активности учесничките се запознаа, изградија меѓусебна доверба и поставија цврсти темели за успешна соработка и заеднички личен развој.
На 17 мај се одржа работилница, само со менторките на тема „ОГЛЕДАЛО“, која придонесе за јакнење на самодовербата, подобро меѓусебно запознавање, развивање на тимската работа, меѓусебното почитување, комуникациските вештини и разбирањето меѓу учесничките. Оваа работилница е дел од проектот „Огледало“ поддржан од „Култура за развој“ на Владата на Швајцарија, кој го имплементира „Хартефакт фонд“ и ко-финансиран од Министерство за култура и туризам на РС Македонија.




Менторската програма се реализира во рамки на проектот „Чекориме од зајакнување кон промена“, финансиски поддржан од Kvinna Till Kvinna Foundation и Кралството Шведска.

# ТИМСКИ ИГРИ

На 27 мај, во рамки на програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“, се реализираа тимски игри со девојките учеснички. Игрите беа насочени кон развивање на тимски дух, соработка и комуникација.
Преку интерактивни активности, учесничките ги зајакнаа своите лидерски и тимски вештини, стекнаа нови искуства и изградија меѓусебна доверба во позитивна и поддржувачка атмосфера.



















Менторската програма се реализира во рамки на проектот „Чекориме од зајакнување кон промена“, финансиски поддржан од Kvinna Till Kvinna Foundation и Кралството Шведска.

# Прошетка на МАТКА и дружење

На 22 јуни, во рамки на програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“, менторките и менторираните девојчиња, заедно со тимот на ОЖОСВН и претставници од донаторот, реализираа еднодневна заедничка активност во кањонот Матка. Преку прошетка, возење со брод и неформални активности, учесничките имаа можност да се поврзат, да ја зајакнат меѓусебната доверба и да создадат нови заеднички искуства и спомени.
Активноста придонесе за развој на тимската работа, комуникацијата, чувството на припадност и самодовербата, во согласност со целите на програмата за личен и лидерски развој на девојките.













Менторската програма се реализира во рамки на проектот „Чекориме од зајакнување кон промена“, финансиски поддржан од Kvinna Till Kvinna Foundation и Кралството Шведска.

# СОРАБОТКИ

## ОЖОСВН ПО ТРЕТ ПАТ Е ДЕЛ ОД ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА „ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА 2026“

Во рамки на глобалната кампања „Ден на добри дела 2026“, ОЖОСВН, во соработка со ООУ „Даме Груев“ од с. Ерџелија и ПХВ при Црвен крст – Општинска организација Свети Николе, по трет пат реализираше волонтерска акција во подрачното основно училиште во с. Амзабегово.
Со заеднички труд на ученици, наставници и волонтери беа поставени нова ограда на училишниот двор, изработени графити и испишани позитивни пораки, со цел да се подобрат безбедноста на учениците и изгледот на училиштето.
ОЖОСВН оваа активност ја реализираше со финансиска поддршка на Младински Културен Центар од Битола, која е лидер организација за спроведување на глобалната кампања Денот на добри дела во Македонија.





## „ПРИКАЗНИ ЗА ПРОМЕНА“- ЗА ИНСПИРАТИВНИТЕ ПРИКАЗНИ НА НАШИТЕ МЕНТОРКИ

Преку програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“, а според американскиот модел „Голема сестра – Мала сестра“, девојки од Свети Николе во текотна 2025 година имаа можност да ја зајакнат својата самодоверба, да го развијат својот потенцијал и да станат активни учеснички во заедницата. Преку менторската поддршка, помладите девојки стекнуваат нови знаења и охрабрување, а постарите се развиваат како лидерки и менторки. Овие „Приказни за промена“ се резултат од проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата“ кој го реализираше ОЖОСВН а беше поддржан од Фондацијата Kvinna till Kvinna преку глобалната програма SPACE – Strengthening Peacebuilders’ Actions for Community Engagement, финансирана од Шведска.






# АПРИЛ - ЈУНИ

## СОРАБОТКИ

### СОРАБОТКА СО „ТЕАТАР ЗА СИТЕ"

ОЖОСВН е дел од иновативен и креативен процес кој го започнавме како партнери на здружението „Тетар за сите“ за новата театарска претстава „Огледало“. Во изминатиот период беа реализирани 3 интерактивни и креативни работилници со користење на театарски техники и методи во три градови низ земјата. Овие интерактивни вежби, театарски задачи и разговори овозможија отворен простор за споделување лични искуства, ставови и приказни од страна на учесниците, чии приказни понатаму ќе бидат вклучени во претставата која ќе произлезе од целиот процес. Првата работилница се одржа во Свети Николе каде како целна група беа опфатени жени на возраст од 25 до 55 години, потоа следуваше работилницата во Кочани каде учесници беа мешана група на средношколци, а третата работилница беше во Велес, каде учеснички беа жени пензионерки. По трите успешно реализирани, се реализираше и четврта дополнителна работилница исто во Свети Николе, овој пат наменета за менторките од програмата „Растеме заедно во лидерки на заедницата“ реализирана во рамки на проектот „Чекориме од зајакнување кон промена“.

Активноста е поддржана во рамки на проектот „Култура за развој“ на Владата на Швајцарија, имплементиран од „Хартефакт фонд“, со дополнителна поддршка од Министерството за култура и туризам.








### ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ „СЕГА"

На 10 јуни во Скопје се одржа Годишното собрание на Коалицијата на младински организации СЕГА. На состанокот беа усвоени програмскиот и финансискиот извештај за 2025 година, а беа презентирани и тековните проекти и активности на коалицијата.

Посебен фокус беше ставен на идните приоритети и стратешките насоки во областите на младинската работа, младинските политики, образованието и вработувањето на младите, како и на развојот на членството. Од Организација на жените на општина Свети Николе (ОЖОСВН) учество земаа двајца волонтери претставници.





# СОРАБОТКИ, УЧЕСТВА

## НАСТАН „НОСИ ЈА ПРОМЕНАТА“ ЕУ ХАУС – ВЕЛЕС

Како дел од кампањата „Носи ја промената“ (Wear the Change), започната на Меѓународниот ден на жената – 8 Март 2026 година, караванот инициран од Делегацијата на Европската Унија, „Тим Европа“ (амбасадите на земјите членки на ЕУ) и мрежата на Јуроп хаус, на 21 април 2026 година во Јуроп хаус Велес одржа панел-дискусија.
Две претставнички од ОЖОСВН учествуваа на панелот на тема „Скршениот штит: Родово базирано насилство и институционална заштита“.
На дискусијата, на едно место се собраа меѓународни партнери, граѓански организации и експерти, кои разговараа за законите – од теорија до пракса, селективната правда, сериозните системски пропусти, несоодветните стручни кадри, слабата координација и меѓуинституционалната соработка.
На панелот говореа и ги споделија своите искуства и информации: Ана Аврамовска Нушкова од Националната мрежа „Глас против насилство“, Ангелина Димовска Стојанова од Организацијата на жени – Велес, како и амбасадорите на Шпанија и Франција, Н.Е. Рафаел Соријано Ортиз и Н.Е. Кристоф Ле Риголер.






## СОРАБОТКА СО ОПРАЦИЈА ФЛОРИЈАН




Во текот на изминатите три месеци продолжи онлајн комуникацијата, како и договорните средби за соработка помеѓу ОЖОСВН, Операција Флоријан од Англија и истражувачи од неколку универзитети во Англија. Целта на оваа соработка е воспоставување стратешки пристап за вклучување на жените и девојките во противпожарните активности, кои не подразбираат само учество на терен во гаснењето пожари, туку и целокупна организациска, координациска, комуникациска и друга логистичка поддршка потребна за спроведување конкретни противпожарни акции и активности.
На 17 мај, во просториите на ДПД Свети Николе, и на 20 мај, во канцеларијата на ОЖОСВН, имавме продуктивни состаноци со Стив Џордан, менаџер за теренска работа, раководител за професионални стандарди во Greater Manchester Fire and Rescue Service.
На состаноците разговаравме за нивните тековни активности во повеќе градови низ Македонија, кои опфаќаат донирање противпожарни возила и различни видови опрема, спроведување тренинзи за постапување при пожари и други итни ситуации, како и обуки за спасување на вода. Исто така, беа разгледани можностите за идна соработка и поддршка на заеднички активности.
Дополнително, разговаравме и за продолжување на нашата соработка, која започна минатата година со одржување на четири работилници за жени. Следен значаен чекор е организирањето национална конференција, која е планирана за септември.

# АПРИЛ - ЈУНИ

## ОДБЕЛЕЖАНИ МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ

### АПРИЛ














2 април- Меѓународен ден за подигање свест за аутизам
7 април- Светски ден на здравјето
8 април- Ден на ромите
21 април- Светски ден на креативноста и иновациите
22 април- Ден на планетата земја
28 април- Светски ден за безбедност и здравје при работа

### МАЈ


















28 мај- Светски ден на менструалната хигиена
21 мај- Светски ден за културна разновидност за дијалог и развој
20 мај- Ден на пожарникарите на Македонија
16 мај- Меѓународен ден на заедничкиот живот во мир
11- 17 мај- Недела на свесност за менталното здравје
9 мај- Ден на Европа
3 мај- Светски ден на слобода на печатот
1 мај- Меѓународен ден на трудот

### ЈУНИ















30 јуни- Светски ден на социјалните медиуми
24 јуни- Меѓународен ден на жените во дипломатијата
23 јуни- Меѓународен ден на жените во инженерството
19 јуни- Меѓународен ден за елиминација на сексуалното насилство во конфликти
18 јуни- Меѓународен ден за спротивставување на говорот на омраза
15 јуни- Ден за подигање на свеста за злоупотреба на стари лица
12 јуни- Светски ден против злоупотреба на детскиот труд

# АПРИЛ - ЈУНИ

## 35 ГОДИНИТЕ СО ЖЕНИТЕ, ЗА ЖЕНИТЕ И ЗАЕДНО ЗА ЗАЕДНИЦАТА!

35 години заедно. 35 години промени! На 25.06 со коктел забава беше одбележан 35-годишниот јубилеј на Организација на жените на општина Свети Николе. Настанот се одржа во „Казабланка“, со музика од локалниот бенд Street Tale, во атмосфера на дружење и заедништво.
На прославата учествуваа членови, волонтери, партнери, институции, донатори и соработници кои низ годините придонесувале и сеуште придонесуваат за развојот на организацијата и за позитивни промени во заедницата.
ОЖОСВН започнува ново поглавје со уште повеќе идеи, енергија и мотивација.

















# е- БИЛТЕН 2
## 2026


032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах
13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole


**ДОКОЛКУ САКАТЕ ДА ГИ ПОДДРЖЕТЕ НАШИТЕ АКТИВНОСТИ МОЖЕТЕ ДА НАПРАВИТЕ УПЛАТА НА СМЕТКА: 270000000911687 - ХАЛК БАНКА**